Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор (" Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014 и 27/2016), а во врска со член 28 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници ( Службен весник на Република Македонија" бр. 11/2018) , ВД Директорот на ООУ Кочо Рацин Скопје Центар на ден 13.02.20918 година донесе:

# П Р А В И Л Н И К

## за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ООУ Кочо Рацин Скопје - Центар

### Член 1

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ООУ Кочо Рацин Скопје Центар бр. 01- 134/1 од 10.02.2015 година.

Во Глава IV во **членовите 13 и 14** во делот на посебните работни компетенции **за сите нивоа** – познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски,германски), се **брише**:

- За категорија В1 – познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), и тоа поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А2 (А2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно КЕТ, ИЕЛТС со максимум 3 поени, БУЛАТС, или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 400 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 95 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 30 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.
- За категорија Г1 и Г2– познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), и тоа поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А2 (А2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно КЕТ, ИЕЛТС со максимум 3 поени, БУЛАТС, или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 400 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 95 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 30 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

### Член 2

Во Глава IVво **членовите 13 и 14** во делот на посебните работни компетенции **за сите нивоа** , се **додава/останува следниот текст**:

- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

### Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се применува по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**ВД Директор**
**Вера Вељановска**

______________________________